Ристо КАРТАЛОВ

# СОЦИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ВРЕДНЦВАЊЕТО НА ПРОИЗВОДНИОТ И ТВОРЕЧКИОТ (УМСТВЕНИОТ И ФИЗИЧКИОТ) ТРУД

Трудот, човековата потреба, мака и задоволство, од секогаш влијаел врз развојот на умствените и физичките способности кај луѓето. Човековата историја (според Маркса) се одвоила од животинската, оној момент кога човекот отпочнал да произведува средства за опстанок, преземајќи го своето прилагодување кон природата во сопствени раце. Трудот е „природен услов за човековата егзистенција“ и од сите социјални облици независен услов за менување на материјата меѓу човекот и природата“.[1]

Во текот на својата историја, човекот го развивал својот труд, го усложнувал, го делел и настојувал да го направи што порационален. Тоа тежнение го довело човекот до се поголема поделба на трудот, а тоа нешто довело до поделба на човекот и општеството.

Уште во процесот на формирањето на првата класна формација на општеството, класиците на марксизмот ја откриваат основната општествена поделба на трудот на умствен и физички, која и до денес не е надмината. Маркс и Енгелс во своите рани трудови, на прв поглед изнесуваат извесни нејасни и противречни ставови за општествената поделба на трудот. За неа тие зборуват како за услов во развиток на целокупното општество, но како и за извор на човековото сиромаштво, бидејќи таа го осиромашува човекот — работникот, сведувајќи го на ниво на „машина“. Трудот кој што се дели — сегментира, се помалку дава можност за личен развиток на работникот, а се повеќе станува само елементарно средство за задоволување на основните негови животни потреби.[2] Меѓутоа, ниту овде, ниту во подоцнежните текстови (а пред се во Капиталот), нема противречности. Проучувајќи го трудот како повеќезначна и сложена категорија, која што се менува и развива како и човекот и општеството, класиците на

---

[1] Карл Маркс: Прилог критици политичке економије, „Култура“, Београд, 1956, стр. 24.

[2] Карл Маркс — Фридрих Енгелс, Рани радови, Напријед, Загреб, 1961, стр. 166, 168, 343.

марксизмот како и некои нивни претходници[3] се консеквентни во гледиштето дека укинувањето на поделбата на трудот е неопходен услов за враќање на човекот на неговата сопствена природа и услов sine qua non на идното комунистичко општество.

Во „Германската идеологија" тие укажуваат дека во идното комунистичко општество, на секој ќе му биде дозволено денес да го работи ова, а утре она, но никогаш да стане, ниту ловец, ниту рибар, ниту овчар, ниту критичар.

Во Капиталот, исто така, видно место зазема критиката на поделбата на трудот што води до идиотизмот на професијата, па во таа смисла се и укажувањата, дека целта на идното општество треба да биде „делумната индивидуа која е носител само на една делумна функција, да се замени со сестрано развиена индивидуа за која различните општествени функции се видови дејност кои таа наизменично ги врши.[4]

Фридрих Енгелс во делото „Анти Диринг", со овие зборови му се обраќа на Диринг во врска со поделбата на трудот: „Мора секако да изгледа како нешто ужасно еднаш повеќе да нема да има туркачи на колички ниту архитекти по професија и дека човек кој половина час давал упатства како архитект, ќе турка количка некое време, додека не биде потребно одново да работи како архитект. Да прекрасен ли социјализам кој ја овековечува професијата на туркачи на колички".[5]

Поделбата на трудот овозможи, единствениот труд, поделен меѓу голем број извршители, сè повеќе да се отуѓува од нив, да ги губи атрибутите што го прават човечки, а со тоа и задоволството од него и да се преврти во неговата спротивност — идиотизам на професијата и измачување. Барањето за поголема рационалност и ефикасност на трудот овозможи раздвојување, од една страна на физичката сила, рутината и умешноста, за сметка на развојот на умствените способности и индивидуалните креативни можности на поединецот, а од друга страна, пак, да доаѓа до пренагласување на човековите умствени за штета на физичките способности.

Кон определбата на класиците на марксизмот за укинување на општествената поделба на трудот во комунистичкото општество, во извесна смисла придонесе и Марксовата теорија за отуѓувањето, во која, на извесен начин, се застапува сваќањето

---

[3] Идејата за укинување на општествената поделба на трудот е доста стара во социјал-утопистичкото учење. Некои истакнати претставници како Морели (Morelly) на пример, во своето законодавство предвидувал постојани промени на работните активности и професиите зависно од возраста. Тие, како и класичните англиски економисти од XVIII век извршиле силно влијание на Маркса.

[4] К. Маркс, Капитал, Култура, Загреб, 1947, стр. 423.

[5] Фридрих Енгелс, Анти-Диринг, Напријед, Загреб, стр. 209.

за вечната човекова природа и се развива тезата дека човековата суштина е нешто дадено, а таа е неговото „генеричко битие" кое може да дојде до полн израз единствено во човековата слободна творечка самодејност. Поради постоењето на приватната сопственост и поделбата на трудот, човекот се отуѓува од својата дејност и нејзините производи од вака сватената човекова суштина. Според тоа задачата на новото општество е да го ослободи отуѓениот поединец, да го ослободи од потчинетоста и парцијалната дејност и да го врати на неговата права човекова природа. Маркс, според тоа, зборува за „враќање", за одново „присвојување" на вистинската човекова суштина која што еднаш била дадена, но која подоцна се „отуѓила" од него.

Денес, за марксистичките оиректирани мислители, проблемот на ослободувањето на трудот т.е. проблемот на отуѓувањето, секогаш е поврзан со потребата од укинување на одделни поделби на трудот, а пред се на поделбата на умствен и физички труд.

„За југословенското општество поимот на поделбата на трудот е поврзан со поимот на ослободување на трудот; тоа е основна и потајна цел на Уставот од 1974 година. Ослободувањето на трудот бара укинување на поделбата на трудот. Но зачестеноста на тоа барање не значи дека е доволно јасно самото барање. Најчесто се зборува само за тоа, да треба да се укине спортивноста меѓу физичкиот и умствениот труд, а притоа да не е сосема јасно значењето на едното и на другото. Не се знае сосема точно дали физичкиот труд значи само труд на селанецот, или можеби повторуваниот, механичкиот труд, или дури и извршителниот труд. Од друга страна, не е јасно дали умствениот труд значи само труд кој обликува идеи и цели, па поради тоа и го нарекуваме уште и идеетивен или и оној труд кој е творечки. Се срекаваме, значи, со цела низа сродни поими, за кои не знаеме, сепак, дали се исти или различни.

Не е многу јасен и поимот на укинувањето; не се знае точно дали се работи за тоа да се укине поделбата на умствена и физичка дејност на индивидуално, групно или пак на пошироко општествено ниво, или можеби на сите истовремено."[6]

Тешко може да се поверува дека на трудот ќе му се врати некогашната целовитост, бидејќи тој и досега се делел, а по се изгледа ќе продолжи да се дели по разни основи и во иднина. Денес во светот постојат околу 92.000 професии. Оние, пак, кои сметаат дека противноста помеѓу мануелниот и немануелниот труд ќе се укине ако на носителите на физичкиот труд

[6] Вељко Рус и Владимир Арзенжек, Рад као судбина и као слобода, СЛН, Загреб, 1984, стр. 28.

им се овозможи да стекнат повисок степен на стручно и општо образование, па во тој поглед ќе се изедначат со носителите на умствениот труд — интелектуалците, го испуштат предвид фактот, оти со тоа што работникот станува постручен, не станува едновремено помалку „делумен работник" помалку носител на една парцијална функција, туку обратно, тоа го прави предусловот за неговото целосно затворање во кругот на една тесна специјалност.[7]

Очигледно дека постојат прилично големи нејасноти за тој поим и би рекле идеалистички визии за неговото надминување. Оваа дотолку повеќе што со развојот на науката и технологијата проблемот на спротивноста помеѓу умствениот и физичкиот труд се продлабочува. Се поочигледни се последиците од отуѓувањето кои доскоро ги врзуваме за развиените земји, а денес тоа и нам ни се случува; опаѓањето на продуктивноста на трудот поради изостанувањето од работа, порастот на флуктуацијата на работната сила (се смалува во условите на кризата) саботажите во процесот на трудот, производите со лош квалитет, незаинтересираноста за исполнување на работните задачи, порастот на боледувањата и други видови конфликти.

Поделбата на трудот на умствен и физички постепено не води до поделбата на работничката класа, па и на општеството, на извршители на физички и мануелни активности и оние кои го обмислуваат процесот на трудот, кои управуваат, раководат и наредуваат. Основната општествена поделба директно ги пројавува последиците по социјалната структура на работничката класа т.е. општеството.

Системот на социјалистичкото самоуправување во здружениот труд на југословенското општество, навестува можна перспектива за надминување на оваа спротивност, пред сè преку перспективното и постепеното надминување на хиерархискиот однос меѓу носителите на функциите на управувањето, раководењето, како и стручно-научниот труд, што значи оние функции кои се поврзани со дејноста на техно-економската структура од една, и работничката класа во традиционална смисла на зборот, од друга страна, како носител на функциите на мануелниот труд. Меѓутоа, и во системот на социјалистичкото самоуправување во здружениот труд, овој процес до таа мерка е сложен и противречен, што дури и тогаш, кога имаме наизглед јасни општествени и научни определувања, во непосредната практика во одделни етапи од нашиот развој среќаваме две помалку или повеќе спротивни тенденции.

---

[7] Мирослав Јанићиевић: Социјализам и идеја друштвене једнакости, Социологија —4/1967, Београд, стр. 53.

Првата тенденција се нарекува технократска или технобирократска. Оваа тенденција се воспоставува на своевидниот интелектуален елитизам — сличен на оној во граѓанското општество, со типично задржување на стекнатите позиции и влијание во распределбата на доходот. Одделни раководни, научни и стручни структури со помош на хиерархискиот однос и одвоеноста на нивните работни функции и со помош на бирократската организација на трудот, успеваат да ги истакнат како доминантни своите интереси, пред сè преку вреднувањето на нивниот труд. Се создаваат своевидни општествени монополи при осамостојувањето на функцијата на раководењето и управувањето, односно се воспоставува своевидна власт над работничката класа. Се бара посебен третман, односно посебна валоризација на нивниот труд, а во суштината се протежираат нивните интереси над интересите на работничката класа.

Треба сепак да се истакне дека некои посебни технократски и менаџерски структури, во системот на социјалистичкото самоуправување во здружениот труд кај нас, речиси никогаш се немаат статусно и легално издвоено и вообличено. Станува збор за поединечни случаи кои немаат поголемо општествено значење, па по сè изгледа дека е предимензионирана опасноста за идниот развој на општеството од нив, дотолку повеќе што, тие немале речиси никогаш формална потпора во државните и политичките структури на општеството. Напротив, во одделни етапи од нашиот развој, против нив, се креваше голема врева, се бараа начини за нивно дискредитирање, а се заборавасше на фактот, дека таа и таква наша техно-структура, секој три месеци е на специфичен општествен испит, во рамките на периодичните пресметки во извештаите на Службата за општествено книговодство, во форма на состојба на средствата на жиро сметките.

Втората тенденција се огледа во настојувањето да се минимизира улогата на умствениот, инвентивниот и творечкиот труд. Оваа тенденција, во целина гледано, остава поголеми последици во севкупниот општествено-економски развој на југословенското општество. Оваа тенденција се изразува, пред сè, преку нормативно-вредносната ориентација на југословенското општество како тип на егалитарно општество, во кое придонесот на сите учесници во општествената репродукција е, помалку или повеќе, еднаков, па според тоа стартуваат со еднакви права во распределбата на општествениот производ т.е. доходот.[8]

---

[8] Јосип Жупанов таа ориентација ја нарекува егалитарна матрица на југословенското општество, а јадрото на таа матрица ја чинат цела батерија на колективни ставови како што се: антипрофесионализмот, антипретприемништвото, интелектуалната уравниловка, антиинтелектуализмот и слично.

Последиците од арбитрарното вреднување на трудот, пред сè, да не се признае постоењето на општествената поделба на трудот, односно трудот со различен степен на сложеност, се многустрани за развоіот и состојбите во југословенското општество. Во еден момент тие се изразуваат како ниско ниво на продуктивноста на трудот, екстензивна стратегија во стопанскиот развој, како флуктуација на научните и стручни кадри од стопанството или земјата, како ниско ниво на иновации и патенти во стопанството, како драстично намалување на увозот на странски книги и часописи и слично. Значајно е, меѓутоа, да се спомене дека егалитарноста е понагласена кога конјуктурните движења ги замени рецесијата, а стопанскиот растеж стагнацијата.

Поинаку изгледа не може да се објасни фактот што, Југославија значително заостанува во бројот на патентите и иновациите, не само во однос на западните индустриски земји, туку и во однос на СССР и источноевропските земји. Доколку би сакале да се споредиме барем со земјите на „реалниот социјализам", тогаш разликите во индустриското и воопшто во креативното творештво, не можат да се објаснат само со разликите во системот т.е. самоуправувањето, бидејќи тоа е фактор чија логика е иницирање, а не сопирање на творештвото.

Како инаку да се објасни екстензивниот стопански развој во изминатиот период кој, главно, се состоеше во вложувања во нови капацитети и екстензивно вработување на работната сила. Филозофијата на индустријализацијата повеќе децении се потпираше врз сè поголемата акумулација (која ја немавме, па која често моравме да ја позајмуваме) или ја создаваме на сиромаштвото на производителите, поточно на еднаквоста во сиромаштвото. Квалитативните човечки ресурси, знаењето, науката, немаа, притоа, некоја особена улога. Денес, меѓутоа, во стратегијата на стопанскиот развој, акумулацијата не е ниту нужна, ниту единствена алтернатива (како од времето на Маркса и Ленина), многу попотенцирани фактори на развојот се човечкиот капитал т.е. знаењето. Науката и знаењето како посебна производна сила во нашата пракса, останаа на едно многу општо и декларативно ниво. И додека современиот свет денес, а во иднина уште повеќе, своите перспективи во модернизацијата ги врзуваа за трудот и знаењето, а не за капиталот и инвестициите, во целина, нашиот систем го девалвира трудот и знаењето. Често пати во весниците со големи букви објавуваме колку заработуваат нашите заварувачи, велејќи по 17 милиони, како на јавноста да и нудиме она што битребало да биде социјализмот, па така целиот систем го претвораме во своевидна реклама и пропаганда на физичкиот труд.

Не може да се најде поинакво објаснување ниту за состојбата со науката и образованието. Еден приоритет во развојните планови до таа мерка да биде деградиран. За материјалната

состојба на науката и образованието т.е. за валоризацијата на тој труд не сакам да зборувам, таа е општопознато. Сакам да кажам нешто повеќе за своевидниот научен изолационизам во кој се наоѓа науката во последните 3—4 години, после таканаречените тешкотии со обезбедување на девизи за увоз на странски книги и списанија. За последиците по нашата наука од еден оваков чин, се чини дека е излишно да се зборува, а тешко е да се прифати објаснувањето дека нема девизи, и дека поради штедење треба и науката да се откаже привремено од увозот на странските книги и списанија. Оваа е дотолку потешко да се прифати, бидејќи некои процени упакуваат дека не станува збор за голем износ на девизи, а ако науката претставува приоритет во плановите за идниот развој, тешко може да се прифати дека тој приоритет така лесно може да биде жртвуван. Се чини дека станува збор за односот кон знаењето и науката, односно за општественото валоризирање на инвентивниот и креативниот труд.[9]

Концепцијата на самоуправно здружениот труд, без оглед на противречните тенденции кои егзистираат во практиката, отвора перспектива, ако не за укинување на општествената поделба на трудот, што според денешниот тренд на развојот на науката и технологијата звучи нереално, тогаш барем за надминување на некои последици за општествената структура од поделбата на умствен и физички труд. Суштината на овој концепт не е ниту во воспоставувањето на технократскиот или интелектуален елитизам, ниту пак во потценувањето и негацијата на интелектуалниот труд, туку е всушност во настојувањето, секој труд општествено да се валоризира и да отвори процес на воздигнување на физичкиот труд на нивото на умствениот труд. Тоа би овозможило одделните делови на работничката класа да се обединат во единствена категорија на здружени производители. Тој нов систем претпоставува дека развојот на средствата за производство и употребата на новата техника и технологија ќе овозможи самоуправна организација на трудот, а на поширок општествен план да се развие слободната размена на трудот, како форма на поврзување на одделни сегменти и делови на здружениот труд, чии носители денес се јавуваат во улогата на предимно умствен или физички труд. Тој процес треба да води до поврзување на образованието и трудот, односно знаењето и производството, без што, тешко би можело да се согледа можноста за надминување

---

[9] Купувањето книги и во СР Македонија, според податоците на Универзитетската библиотека „Климент Охридски", веќе од 1981 година, поради неплатените сметки, се одвива отежнато и со големо задоцнување. Од порачаните 455 публикации добиени се 312, а од порачаните 1200 странски книги, добиени се само 384 книги. Порачките извршени во 1982 година ќе бидат платени дури во 1985 година.

на умствениот и физичкиот труд. Развојот на социјалистичкото самоуправување и соодветната организација на трудот, би им овозможило на непосредните производители, да го контролираат производниот процес, а со тоа да не дозволат да бидат контролирани како работници. Од друга страна, се одвива еден извонреден тренд на социјализација на физичкиот труд во медореното механизирано масовно производство, што досега размери кога станува на ниво на социјализацијата што е карактеристична за умствениот труд во модерната наука.[10]

На крајот, креативното изразување на човековата личност во трудот и надвор од него, веројатно е најзначајниот фактор, кој ќе придонесе за отстранување на разликите во начинот на живеењето кои настанале по основ на поделбата на трудот. Секако, дури со премостувањето на разликите во светот на трудот и светот вон трудот, човекот веројатно ќе биде во состојба да го оствари животот кој не е поделен, неповрзан и отуѓен. За тоа секако би требало да придонесат и активностите од „царството на потребите" (трудот) и „царството на слободата" (слободното време). Засега тоа на општо ниво се остварува на извесен начин преку работата на разни културно-уметнички групи и здруженија, а на индивидуално, низ самостојно и незадолжително стручно усовршување, но во рамките на слободното време.[11] Нема сомнение дека оној момент кога трудот и човековата креација ќе се приближат или ќе се изедначат, се создаваат и предуслови за исчезнување на границите на тие две „царства".

---

[10] Afred Shon — Rethel: Umni i fizički rad u marksizmu, Marksizam u svetu 5—6/1975, str. 220.

[11] Љубинка Брокић: Подела рада на умни и физички и слободно време, Социолошки преглед 1—2/1984, стр. 98 и 99.